Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-452/9
11.12. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),) Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 11.12.2025 година донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување на правото за користење еднократна парична помош за новороденче бр.08-55/8 донесен од Советот на Општина Градско на 26.01.2023 година.

**Член 2**

Член 2, **став 1** се менува и гласи:

Се обезбедува еднократна парична помош во висина од:

- за секое новородено дете во износ од 20.000 денари,
- за второ новородено дете во износ од 60.000 денари.

**Член 3**

Во член 6 **став 2** зборовите 6 (шест) месеци се заменуваат со зборовите: 3(три ) месеци.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско“.

Советот на Општина Градско
Претседател
Драгана Данева